АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06.05.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2750 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен;

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 12 април 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 6 мај 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

*На 4.03.2016 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-135, 4.03.2016 година) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје;*

*Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (07.03.2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ 3 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 12 април 2016 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот

(радиодифузерот) во целост постапил по решението, односно ја отстранил извршената повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за заштита на малолетните лица.

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***